# ПРОИЗВОДИ ШТО ПОМАГААТ ПРИ ПРОБЛЕМИ СО КОНТРОЛИРАЊЕТО НА ВРШЕЊЕТО НУЖДА

Тројца од четворица луѓе што имаат проблеми со контролирањето на мочниот меур или на дебелото црево може да бидат излекувани или да им се помогне подобро да се справуваат со својот проблем.

## ШТО СЕ ТОА ПРОИЗВОДИ ШТО ПОМАГААТ ПРИ ПРОБЛЕМИ СО КОНТРОЛИРАЊЕТО НА ВРШЕЊЕТО НУЖДА?

Производите што помагаат при проблеми со контролирањето на вршењето нужда се користат заради полесно справување со знаците на слабо контролирање на мочниот меур и на дебелото црево. Тие може да се користат краткорочно за да ви помогнат додека се лекувате, или долгорочно, ако слабото контролирање на мочниот меур и на дебелото црево не може да се излекува.

Советниците за помош при проблеми со контролирањето на вршењето нужда ги познаваат многубројните и разновидни производи што помагаат полесно да се справите со проблемите со контролирањето на мочниот меур или на дебелото црево. Тие можат да ви помогнат да одберете производ што ќе ви пружи заштита и сигурност во вашиот секојдневен живот.

Вашиот лекар или советник за помош при проблеми со контролирањето на вршењето нужда може да ја испита причината за вашиот проблем и да ви понуди некое лекување. Ако не правите ништо и само користите влошки или други слични производи без да се обидете да се лекувате, вашиот проблем може да се влоши.

## КАКВИ ТИПОВИ НА ПРОИЗВОДИ ШТО ПОМАГААТ ПРИ ПРОБЛЕМИ СО КОНТРОЛИРАЊЕТО НА ВРШЕЊЕТО НУЖДА ПОСТОЈАТ?

### Впивателни влошки и гаќи

Влошките и гаќите се произведуваат во различни големини и со различна впивателна моќ. Некои влошки се наменети само за едно користење, а потоа се фрлаат. Некои други влошки и гаќи може да се перат и да се користат многу пати. Може да набавите специјални гаќи од мрежа што ќе го спречат лизгањето на влошките. Некои влошки имаат „самолепливи“ ленти што се лепат за гаќите за да не се поместува влошката.

### Впивателни креветски чаршафи и навлаки за столови

Горниот слој на овие производи, оној што најблиску допира до кожата, ја пропушта мочката, но останува сув, додека подолните слоеви ја впиваат мочката. Нивната намена не е да се користат истовремено со влошките за еднократна употреба, затоа што најдобро функционираат кога кожата е во директен допир со чаршафот.

**Навлаки за пенисот / надворешни катетри**

Навлаките за пенисот се изработени од силикон и најчесто се самолепливи и однатре обложени со лепак кој не е направен од латекс и кој се прилепува за пенисот. Другиот крај на навлаката е отворен и поврзан со ќесе што се прицврстува на ногата и во кое може да се собира мочката.

Ако човекот е подвижен, може да користи ќесе што се прицврстува на ногата под алиштата. Навлаката може да се поврзе со дволитарско ќесе каде што ќе се собира мочката во текот на ноќта. Проѕирниот силикон овозможува да се види ако настанат некои реакции на кожата веднаш штом тие ќе се јават. Ќесињата што се поврзуваат со навлаката секогаш треба да имаат широка цевка за да се овозможи мочката да истекува во ќесето без да се прелева назад во навлаката, зашто тоа може да ја разлабави навлаката. Ќесињата што се носат на ногата треба да бидат цврсто прикачени за бутот или за долниот дел од ногата со помош на лентите што доаѓаат заедно со ќесето, и да се празнат пред да станат толку тешки што ќе ја повлечат навлаката.

**Други производи што помагаат при вршењето нужда**

Ако сте неподвижни и постојано во кревет, може да се користат лопатки и садови за мочање (има тип за мажи и тип за жени). Подвижен клозет поставен покрај креветот во текот на ноќта може да ви помогне ако не можете да одите до клозетот. Подигнатите седишта за клозетска школка и столовите што се поставуваат над клозетската школка исто така може да ви помогнат ако имате проблем да седнете на ниска клозетска школка.

## ЗА ШТО ТРЕБА ДА РАЗМИСЛИТЕ КОГА ОДБИРАТЕ ПРОИЗВОД КОЈ ПОМАГА ПРИ ПРОБЛЕМИ СО КОНТРОЛИРАЊЕТО НА ВРШЕЊЕТО НУЖДА?

Најдобриот производ е оној кој функционира добро, удобен е и ви помага да живеете нормален живот. Кога одбирате таков производ, треба да размислите за следните работи:

**1. Вашиот личен проблем со контролирањето на дебелото црево или на мочниот меур**

Каков производ ќе одберете ќе зависи од вашите потреби за контролирање во даден период. Одберете влошка што ќе задржува толку мочка колку што би можеле да испуштите, и сменете веднаш кога ќе се навлажни. Тоа е подобро за вас и поевтино отколку да држите со часови една голема влошка. Ако носите влошки што се навлажнети од мочка или од измет, тоа може да предизвика осип на кожата или инфекции на мочниот меур. Исто така ќе нема и никаков мирис ако влошката ја менувате веднаш штом ќе се навлажни или ќе се извалка, а кожата ја исплакнете и исушите пред да ставите нова влошка. Одберете влошка што нема обоена најлонска обвивка која може да се проѕира преку светли алишта или да шушка кога се движите.

**2. Вашиот личен начин на живот**

Кога ќе го одбирате производот, исто така треба да се раководите и од вашите лични потреби на работа, дома и во вашиот општествен живот. Советниците за помош при проблеми со контролирањето на вршењето нужда може да ви помогнат и да ве посоветуваат за специјални производи што ќе ги користите кога се занимавате со спорт или кога патувате на долги растојанија.

### 3. Вашата подвижност

Широкиот избор производи значи дека треба да размислите за вашите навики и способност за да го одберете производот што е најдобар за вашиот проблем. За да го одберете вистинскиот производ за вас, треба да се раководите од работи како што се колку лесно можете да стигнете до клозетот, или колку лесно можете да ги менувате влошките. Има многу видови на производи, и еден од нив ќе биде токму вистинскиот за вас.

### 4. Набавка на производите

Некои производи што помагаат при проблеми со контролирањето на вршењето нужда може да се купат во самопослугите и аптеките, додека други полесно може да се купат од специјализираните продавници за медицинска опрема. Може ќе ви треба помош од стручњак за да го одберете вистинскиот производ за вас. Јавете се на **Националната телефонска линија за помош при проблеми со контролирањето на вршењето нужда (National Continence Helpline) (Бесплатен телефон 1800 33 00 66)**, а тие ќе ви дадат совет или пак може да ве поврзат со советник во вашето подрачје за помош при проблеми со контролирањето на вршењето нужда.

### 5. Фрлање

Повеќето производи што се за еднократна употреба може да се фрлат во обичното домашно ѓубре. Производите што помагаат при проблеми со контролирањето на вршењето нужда НИКОГАШ немојте да ги фрлате во клозетската школка.

### 6. Упатства за перење

Производите што се користат повеќе пати треба на опаковката во која ќе ги купите да содржат упатства како да се перат. Немојте да купувате производи за повеќекратна употреба ако немате машина за перење алишта и за сушење алишта, или пак надворешна жица за пружање алишта што лесно можете да ја дофатите. Поради нивното својство да впиваат течности, на овие производи им треба подолго време за да се исушат отколку на обичните алишта и долна облека, па затоа прво побарајте едно парче за да го испробате.

## КОЈ ПЛАЌА ЗА ПРОИЗВОДИТЕ ШТО ПОМАГААТ ПРИ ПРОБЛЕМИ СО КОНТРОЛИРАЊЕТО НА ВРШЕЊЕТО НУЖДА?

Овие производи може да бидат скапи, а во повеќето случаи сами ќе треба да ги платите.

Ако имате трајни и тешки проблеми со контролирањето на вршењето нужда, а ги задоволувате и другите услови, националната Програма за исплати за помагала при проблеми со контролирањето на вршењето нужда (Continence Aids Payment Scheme – CAPS) може да ви помогне да покриете дел од трошоците за овие производи.

Одделот за ветерански работи (Department of Veterans' Affairs) исто така раководи со Програма за помагала за повторно оспособување (Rehabilitation Appliances Program - RAP) до која можете да добиете пристап ако имате Златна картичка (Gold Card) или Бела картичка (White Card) што ги задоволува условите.

Исто така и владите на некои од државите и териториите нудат услуги за поддршка на луѓето што се засегнати од проблеми со контролирањето на вршењето нужда, вклучувајќи и обезбедување на производи што помагаат при проблеми со контролирањето на вршењето нужда. Тие услуги се разликуваат во зависност од државата, а може да опфаќаат оценување на клиентот, подучување и поддршка.

Во повеќето случаи ќе треба да побарате помош од професионален здравствен работник, на пример, од вашиот лекар или од медицинска сестра за помош при проблеми со контролирањето на вршењето нужда, за да можете да добиете пристап до тие услуги.

Ако се јавите на Националната телефонска линија за помош при проблеми со контролирањето на вршењето нужда (National Continence Helpline), може да добиете совет во врска со таквите услуги што можете да ги добиете.

## ПОБАРАЈТЕ ПОМОШ

Не сте сами. Можете подобро да се справите со слабото контролирање на мочниот меур ако го лекувате. Ако не сторите ништо, проблемот би можел да се влоши.

Ако имате било какви прашања во врска со контролирањето на мочниот меур или на дебелото црево, може да се јавите кај:

Стручните советници (Expert Advisors) на Националната телефонска линија за помош при проблеми со контролирањето на вршењето нужда за да добиете бесплатни:

- информации;
- совети; и
- информативни листови.

На БЕСПЛАТНИОТ ТЕЛЕФОН* 1800 33 00 66 (од 8 ч. претпладне до 8 ч. попладне од понеделник до петок), или

Посетете го следното место на интернет: www.bladderbowel.gov.au

Телефонската линија за помош може да организира преведувач преку Телефонската преведувачка служба (Telephone Interpreter Service - TIS). Ве молиме телефонирајте на 13 14 50 од понеделник до петок и побарајте ја Телефонската линија за помош.

Производите што помагаат при проблеми со контролирањето на вршењето нужда може да помогнат подобро да се справите со проблемите со контролирањето на мочниот меур и дебелото црево.

* Повиците од мобилни телефони се наплаќаат според важечките тарифи.